Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - Скопје

| Примено: 27-05-2020 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| | 1457 | | |

Бр. 08-1443/2

Скопје, 29. 04. 2020 година

ДО
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ Е С Е
Ул: Максим Горки бр.20/1 - 4

СКОПЈЕ

ПРЕДМЕТ: **Известување во однос на доставените препораки**

Почитувани,

До Министерството за правда доставивте барање за итно преземање на активности за заштита од семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба. Во дописот се наведува дека Министерството за правда и Судскиот совет немаат преземено мерки и активности за давање на приоритет на судските случаи поврзани со семејно насилство и информирање на јавноста, поради што барате Министерството за правда да достави допис до Судскиот совет на РСМ за итно одржување на онлајн седница, со цел давање приоритет на овие предмети.

Министерството за правда Ве известува дека на ден 14.04.2020 година преку Главниот координативен кризен штаб во Владата на Северна Република Македонија го доби Известувањето со итни препораки за соработка и координација на надлежните институции за заштита на жените кои претрпеле семејно насилство во услови на криза и вонредна состојба доставено од ваша страна. Во дописот, покрај другите мерки, беа наведени и две мерки кои се однесуваа на Министерството за правда заедно со Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и Судскиот совет на Република Северна Македонија. Предложените мерки се однесуваа на достава на информација до надлежните судови и јавни обвинителства за итност во постапувањето во предметите од семејно


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification

насилство, со цел поголема ефективна заштита на жените кои претрпеле семејно насилство во услови на вонредна состојба.

Министерството за правда истиот ден достави известување до Министерството за труд и социјална политика, во врска со Задолжителното упатство за постапување на јавните обвинители од основните и вишите јавни обвинителства на Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и Одлуката за постапување на судовите во Република Северна Македонија во услови на зголемена опасност од вирусот КОВИД-19 и информираше дека делата од областа на семејното насилство не се содржани во листата на приоритетни, поради што доставениот предлог од страна на Здружението ЕСЕ го достави на разгледување до Јавниот обвинител на РСМ и Судскиот совет на РСМ, како надлежни за постапувањето и работата на јавните обвинителства и судовите.

Копија од дописот ви е доставена на ваше запознавање на адресата на здружението.

Со почит,

**МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА**
**д-р Рената Дескоска**

Подготвил:Николина Микеска Костадиновска, раководител на одделение
Одобрил:м-р Никола Прокопенко, државен советник